ПОГЛЕДНИ ВО ИДНИНАТА ЗАШТИТИ ЈА ШУМАТА

# ЕКО-ШУМСКИ МАНИФЕСТ

**Почитувани граѓани!**

Ние, членовите на повеќе еколошки друштва и други невладини организации, без оглед на нашата национална, верска, социјална, полова и друга припадност, решително и непоколебливо го креваме нашиот глас против безмилосното уништување на шумите, против секојдневниот брутален атак врз нашите “бели дробови”.

Ако си ја сакаме татковината, ако си го почитуваме регионот во кој живееме, ако со срце и душа си ја љубиме родната грутка, не смееме при очи да се правиме слепи, при уши да се правиме неми. Време е со заеднички сили да станеме бранители на нашите шуми. Време е секој од нас да го разбуди човекот во себе кој ќе знае и ќе умее да му се спротистави на лудилото на бесправната сеча и шумските пожари предизвикани од човечки фактор. Време е да бидеме еколошка совест во нашето општество и во нашите заедници.

**Мора да знаеме дека шумите се нашето најголемо природно богатство.**

**Мора да знаеме дека тие ја имаат клучната улога во спречувањето на ерозијата на земјата.**

**Мора да знаеме дека шумите се главни производители на кислород и придонесуваат за намалување на јаглеродниот диоксид во атмосферата.**

**Мора да знаеме дека тие претставуваат природно живеалиште на голем број птици, инсекти, животни и билки.**

**Мора да знаеме дека шумите се нашето вчера, нашето денес и нашето утре. А какво ќе биде тоа утре зависи од нас.**

**Мора да знаеме дека шумите се нашиот живот.**

Шумите не се ничии за да се однесуваме кон нив кој како ќе му роди умот. Умот и разумот треба да ни кажат дека тоа се наши шуми. Тоа се шумите на нашите татковци, дедовци и прадедовци, тоа треба да бидат шумите и на нашите деца, внуци и правнуци. Тоа се шумите на борците од минатото кои во нивните пазуви ја креирале нашата сегашност и иднина.

Ако е тоа така, а така е, тогаш ајде да сториме се да ги чуваме, негуваме и надградуваме, а не да ги сечеме, палиме и уништуваме.

Ве повикуваме сите до еден да го дадете својот влог за заштита на шумското богатство. Ги предупредуваме сите оние кои од какви било причини бесправно посегнале по дрвјата од нашата околина или планираат тоа во иднина да го сторат, дека злото нема да биде заборавено, дека ќе бидат спречени во намерата и дека ќе бараме нивно санкционирање согласно законите.

Ги повикуваме сите надлежни институции кои директно или индиректно се поврзани со заштитата на шумите да бидат на висина на своите работни задачи и со своето максимално ангажирање и професионалност во работењето да му застанат на патот на можното понатамошно уништување на шумите и шумскиот фонд.

**Ајде да бидеме добри деца на таа мајка, а не тие кои креваат рака врз неа.**

**Ајде на нејзината љубов да возвратиме со љубов. Таа тоа го заслужува.**

**Да ги ставиме свеста и совеста на пиедестал, за нејзино добро, за наше добро и за доброто на нашите поколенија.**

## ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ И ВИЕ!

Акциите ќе се одржат на ден **26 септември** 2013 година (четврток)
во чест на Светскиот ден на чисти планини:

- **Струмица** - месност **Чамчифлик** - почеток во **12.00** часот
- **Штип** - месност манастир **Св.Недела** - почеток во **12.00** часот
- **Дојран** - реон Карабали - месност **Резервоар** - почеток во **12.00** часот

## Организатори на акциите:

ЕКОЛОШКО ДРУШТВО
“ВИНОЖИТО“ - ШТИП

ЕД ЕКУМЕНА - ВАСИЛЕВО

СПОРТСКИ РИБОЛОВЕН КЛУБ
КРАП
СТРУМИЦА

МАРАТОН
СТРУМИЦА

**ЗГ ЈАВОР - ДОЈРАН**

ДРУШТВО НА ПЛАНИНАРСКИ СПОРТОВИ
ЛИСЕЦ-ШТИП

**ЛД ЛОВЕЦ - ШТИП**

СТРУМИЦА

ЕКОЛОШКО ДРУШТВО
Планетум

ШАМПИОН
2005

**РД БРЕГАЛНИЦА - ШТИП**

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Овој леток е овозможен со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот за граѓанско општество. Содржината на летокот е одговорност на ЕД Планетум и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.